ВЕЧЕР 1789/ страница 11
18 НОЕМВРИ 1978 ГОДИНА

*Зборуваат добитниците на наградата „11 Октомври" за 1978 година*

# МОНЕТИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА НИЗ ВЕКОВИ


АНА ТЕМКОВА

- **НАГРАДАТА „11 ОКТОМВРИ" НА АНА ТЕМКОВА Й Е ДОДЕЛЕНА ЗА МОЗАИКОТ „МОНЕТИ НИЗ ВЕКОВИ ВО МАКЕДОНИЈА" ИЗВЕДЕН ВО СТОПАНСКАТА БАНКА ВО СКОПЈЕ**

**Сликарскиот опус на Ана Темкова, создаван во изминатите дванаесет години, зазема значајно место во ризницата на современата македонска ликовна уметност. Творбите на Ана Темкова презентираат еден карактеристичен свет сместен во некакви вонвременски ентериери во кои се наѕираат цвеќиња оддалечени од пролетта но со вечни ливчиња што гордо опстојуваат среде својот прелесен залез, се наѕираат избледени портрети, кукли и шарени хартиени лампиони, девојки и девесници со јапонски и шпански ветрила, фотељи со рожни рачки, кутивки со дребулии, навезени прекривки, руби, накити, часовници скриени од времето.**

Секоја творба создадена од вештите раце на Ана Темкова претставува мала ликовна свеченост, зашто Ана во секоја своја творба штедро вградува дел од себеси и од своето уметничко секојдневие.

Ана Темкова за мозаикот „Монети низ векови во Македонија" што го изведе во холот на новата зграда на Стопанската банка во Скопје стана добитник на наградата „11 Октомври" што ја доделува Собранието на СРМ за врвни достигања и осведочени вредности во областа на уметностите и науката.

Во разговорот што деновнве со Ана Темкова го водевме во нејзиното ателје, што се наоѓа на Булеварот „Партизански одреди" број 93 во Скопје, ја замоливме за нашите читатели да го претстави својот награден мозаик.

— Мозаикот, **рече АНА ТЕМКОВА,** опфаќа 14 квадратни метри и е изведен во благ релјеф од венецијански и прилепски камен. Мозаикот го заврших пролетва, а за подготовките на проектот и изведбата, со оглед на тоа дека ова е прва моја монументална композиција, ми беа потребни речиси дванаесет месеци. Од страна на порачувачот на мозаикот (Банката) ми беше поставена задача преку мозаикот да ги претставам монетите во Македонија низ вековите. Но иако темата, така да се рече, ми беше наметната, мозаикот како композиција ги содржи сите мотиви што јас ги сликав и досега: фигури, накит, носии, фасади од стара македонска архитектура. Како мотив за мозаикот зедов шест селанки од разни наши краишта, со носии што содржат доста накити и низи од пари чие блештукање го доловив симболично со отсветот на венецијанскиот камен.

—Над што работите сега?

— Подготвувам циклус слики во кои главна тематско-мотивска преокупација се фасадите на старите куќи. Посебно сакам да нагласам дека фасадите на старите куќи пред сѐ ме привлекуваат со својата убавина, но исто така ги сликам и поради носталгичното сознание дека тие од ден на ден неповратно исчезнуваат. Сликите од овој циклус што ги работам во маслена техника ќе ги презентирам на мојата самостојна изложба во Скопје што ќе биде отворена нареднава пролет.

Ана Темкова заврши Академија за ликовна уметност во Белград (1966), а мозаик специјализираше во Равена, Италија. Остварила студиски патувања во Франција, Италија и СССР, а самостојно има излагано во Штип, Равена, Охрид, Белград, Нови Сад, Сомбор и трипати во Скопје.

Добитник е на сојузната младинска награда за сликарство (Белград, 1966), на наградата на весникот „Млад борец" (Скопје, 1968), „Винченцо Монти" (Италија, 1969) и на откупните награди на изложбата „Југословенски портрет" во Тузла во 1967 и 1975 година.

**Т. ШИРИЛОВ**